**Ј.З.У. ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-СКОПЈЕ**
**Одделение за социјална медицина**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И ЗДРАВСТЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН ЗА 2013 ГОДИНА



**Скопје, 2014**

**Ј.З.У. ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-СКОПЈЕ**
**Одделение за социјална медицина**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И ЗДРАВСТЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН ЗА 2013 ГОДИНА

**Скопје, 2014**

**ИЗГОТВУВАЧ:**

Ј.З.У ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ
Одделение за социјална медицина

**ДИРЕКТОР:**

Спец. д-р Шемси Муса

**Раководител:**

Прим. д-р сци. Весна Спирова

**Уредник и автор:**

Асс. м-р д-р Валентина Симоновска

**Обработка на податоци:**

Одделение за социјална медицина

**Информатичка обработка:**

Дипл. инг. Нијази Абдији

# Содржина

*Предговор*

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 1.1 | Историја и улога на Ј.З.У. Центар за јавно здравје - Скопје | 1 |
| 1.2. | Основни географски обележја на Скопскиот регион | 2 |
| 1.3. | Територијална организација на Скопскиот регион | 2 |
| 1.4. | Население и демографија | 3 |
| 2. | Цели | 3 |
| 3. | Материјали и метод на работа | 4 |
| 3.1 | Материјал | 4 |
| 3.2 | Метод | 4 |
| 4. | Резултати | 5 |
| 4.1 | Клучни факти поврзани со демографските и здравствените индикатори во Република Македонија | 5 |
| 4.2 | Клучни факти поврзани со демографските и здравствените индикатори во Скопскиот регион | 7 |
| 4.3 | Организациски и кадровски потенцијал во Скопскиот регион | 9 |
| 4.4 | Остварен обем на работа и утврдени заболувања во примарната здравствена заштита во Скопскиот регион | 14 |
| 4.5 | Искористеност на капацитетите и утврдени заболувања во болничката здравствена заштита во Скопскиот регион | 17 |
| 5. | Заклучоци и предлог мерки | 20 |
| 5.1 | Заклучоци | 20 |
| 5.2 | Предлог мерки | 21 |
| 6. | Литература | 23 |
| 7. | Табеларен приказ | 24-62 |

**Предговор**

Извештајот за здравствената состојба и здравствената заштита на населението на територијата на Скопскиот регион е публикација која редовно се подготвува на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје и во која се објавуваат здравствено-статистички податоци на годишно ниво за Скопскиот регион.

Здравствено-статистичките податоци во Центарот рутинирано и со утврдена динамика, врз основа на постоечката законска регулатива, ги доставуваат сите здравствени установи од подрачјето на Скопскиот регион. Понатаму, податоците на Одделението за социјална медицина се обработуваат со методолошки постапки на начин кој овозможува нивна споредливост во тек на подолг временски период.

Во Извештајот податоците се групирани во повеќе целини и се однесуваат на основните демографски карактеристики на населението од Скопскиот регион, на вработените во здравствените установи, на обемот и содржината на обезбедените здравствени услуги во различните здравствени дејности и на заболеноста регистрирана кај населението.

Извештајот првенствено претставува повратна информација за сите здравствени установи во Регионот кои ги генерираат податоците и уредно и навремено ги доставуваат во Центарот за јавно здравје Скопје. Освен тоа, оваа публикација е наменета и за други корисници и заинтересирани лица. Во тој контекст се надеваме дека Извештајот ќе ги задоволи основните потреби на корисниците. Секоја забелешка која ќе доведе до подобрување на квалитетот на публикацијата и ќе придонесе за нејзина поширока примена ќе ја прифатиме со благодарност

# 1.Вовед

## 1.1 Историја и улога на Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Скопје

Центарот за јавно здравје-Скопје е јавна здравствена установа која спроведува специјализирана превентивна здравствена заштита. Формиран е од Собранието на Република Македонија на 6 јули 1993 година.

Почетоците на организирана превентивна здравствена заштита во градот се од дваесетите години на минатиот век. Целокупната дејност за одржување на физичкото здравје на населението ја вршел Хигиенскиот завод кој почнал да работи во 1925 година. Во 1934 година е отворена станица за заштита од маларија и ерадикација на пегав тифус во населбата Чаир во Скопје. Денес во тој објект е сместена Службата за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и фумигација што работи во состав на Ценарот. Во 1951 година е формиран Завод за здравствена заштита во кој функционирале здравствено-превентивни служби. Во 1970 година овој Завод е интегриран во Здравствен дом-Скопје, а од средината на осумдесетите години работи во состав на ООЗТ Заводи за превентивна медицина. Со Законот за здравствена заштита донесен во 1991 година оваа установа го добива името Завод за здравствена заштита-Скопје, а од 1994 година се одвојува од Здравствен дом–Скопје и функционира како самостојна Јавна Здравствена Установа – Завод за здравствена заштита-Скопје, со денешните дејности, одделенија и севкупна организациона поставеност. Конечно, со Законот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита, од 29 мај 2009 година установата го добива сегашното име – Ј.З.У. Центар за јавно здравје – Скопје.

Во согласност со Законот за здравствена заштита и Законот за јавно здравје, Центарот за Јавно Здравје–Скопје ја следи, истражува и проучува здравствента сосотојба на населението,

причините за појава и ширење на заразните и други болести од јавно здравствен аспект, како и влијанието на еколошките фактори врз здравјето(1,2). Центарот за Јавно Здравје–Скопје предлага и превзема мерки за заштита и унапредување на здравјето на луѓето на целата територија на Скопскиот регион (3).

## 1.2 Основни географски обележја на Скопскиот регион

Скопје се наоѓа на 21° 26' источна географска должина и 42° северна географска ширина. Надморската височина во центарот на градот изнесува 240m. Тој се простира на 1818 км², во широчина 9 км (Водно-Радишани) и во должина 23км (Драчево-Ѓорче Петров).Градското подрачје зафаќа површина од 225 км².

Климата во Скопје ја карактеризира средна годишна температура од околу 12,4°C. Летата се долги, суви и жешки, а зимите ладни, со многу магловити денови. Низ скопската котлина протекуваат реката Вардар со своите притоки: Треска, Пчиња, Маркова Река, Лепенец и Кадина Река.

Скопската котлина ја опкружуваат планите Водно, Караџица, Осој, Жеден и Скопска Црна Гора.

## 1.3 Територијална организација на Скопскиот регион

Во градот Скопје има 10 општини: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Според бројот на жители, најголема општина во град Скопје е Гази Баба со 72.617 жители, а најмала е Шуто Оризари со 20.800 жители. Според површината, најголема општина во градот Скопје е Сарај со 229 км², а најмала е Чаир со 3,5 км². Останатите 7 (Арачиново, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Зелениково и Чучер Сандево) се рурални општини и заедно со гореспоменатите 10 градски општини го чинат Скопскиот регион.

## 1.4 Население и демографија

Според новата териториjална организациjа и нашите проценки за населението во градот и регионот, градот Скопjе има 535 368 жители. Со припоjувањето на Сараj и Кондово, околу 15% од жителите припаѓаат на селско подрачjе што се должи на големиот броj рурални населби вклучени во состав на општината Сараj.

Од гледна точка на демографските движења на населението, Скопjе има позитивна популациона слика. Населението на градот постоjано се зголемува, пред сé поради големиот броj доселувања (наjчесто од градовите и селата од внатрешноста на Македониjа), но и поради наталитетот. Мора да се спомене дека, како и во целата земjа така и во Скопjе, броjот на раѓања драстично опаѓа. Меѓутоа, како наjголем и наjразвиен град во државата, Скопjе има наjвисока стапка на раѓања. Доселувањата во Скопjе биле во постоjан подем континуирано од краjот на Втората светска воjна. Луѓето денес во Скопjе пред сé се доселуваат поради стопанско-економски причини или поради продолжување на своето образование (4).

Скопjе е главен град со наjголем броj жители во Републиката и со наjразвиена мрежа на здравствени установи. Во неговите здравствени капацитети се обезбедува здравствената заштита не само на жителите од Скопскиот регион, туку и на граѓаните на Република Македониjа. Речиси половина од сите здравствените потреби и барања се остваруваат во здравствените установи на Скопjе.

## 2. Цели

Извештаjот има за цел :

- Да даде проценка на населението на Скопскиот регион;
- Да даде приказ и оценка за развиеноста на здравствената мрежа на подрачjето на Центарот за jавно здравjе-Скопjе

(здравствени установи, организација на здравствените служби и во нив вработениот кадар);

- Да ја прикаже извршената работа и користењето и искористеноста на здравствените капацитети во Скопје;
- Да даде проценка на здравствената состојба на населението од Скопскиот регион;
- Да предложи мерки за подобрување на здравјето на населението на Скопскиот регион и мерки за подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

## 3. Материјали и метод на работа

Изготвувањето на Извештајот за здравствената состојба на населението на Скопскиот регион во 2013 година е во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија за 2014 година и претставува дел од континуираните програмски задачи на Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје (5).

### 3.1 Материјал

За изготвувањето на Извештајот како материјали користени се индивидуални и збирни статистички извештаи пропишани во Законот за евиденции од областа на здравството (6).

### 3.2 Метод

Користен е статистичко-информативен метод на работа при што статистичките показатели се прикажани како релативни односи изразени во проценти или стапки. Приказите на здравствената заштита и здравствената состојба дадени се по видови на здравствени дејности. Регистираниот морбидитет прибран е и обработен во 19 глави според Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни состојби - МКБ-10.

Извештајот содржи официјални податоци за демографската и витална статистика од Државниот завод за статистика на Република Македонија и одредени демографски податоци во вид на проекции изведени во Одделението за социјална медицина.

Исто така, во Извештајот се прикажани одредени индикатори кои се користат во мерењето и проценката на здравствената состојба на населението, директни индикатори - морбидитет и морталитет на населението.

Со соодветни индикатори е прикажана организационата поставеност на здравствените служби, искористеноста на здравствените капацитети, оптовареноста на здравствените работници и др.

Во Извештајот се прикажани и податоци за споредба со некои соседни земји и Европа во целина.

## 4. Резултати

### 4.1 Клучни факти поврзани со демографските и здравствените индикатори во Република Македонија

Според **процената на населението** (состојба 31.12.2013) на Државниот завод за статистика на РМ, во Република Македонија има 2 065 769 жители, што е за 3475 лица повеќе во однос на 2012 година.




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

Населението во Р.Македонија според **старосната структура** во 2013 година ги има следните карактеристики: учество на младо население (0-14 години) во вкупното население од 16,9%, и учество на старото население (65 и повеќе години) во вкупното население од 12,2%.

Коефициентот на старосната зависност за Република Македонија (РМ) во 2013 година изнесува 41,1%.

Просечната возраст на населението во РМ за 2013 година изнесува 38,0 години, додека просечната возраст на мајката при раѓање на првото дете е 26,6 години. Просечната возраст на умрените во Републиката изнесува 72,0 години во 2013 година.Во 2013 година стапката на живородени во РМ изнесува 11,2‰, стапката на умрени 9,3‰, вкупната стапка на фертилитет е 1,48 и стапката на смртност на доенчиња е 10,2‰ (7).

Во РМ, во 2013 година, најзастапени **причини за смрт се**: болестите на циркулаторниот систем од кои починале 11.102 лица, неоплазмите со 3.654 умрени; од ендокрини, нутритивни и метаболични болести умреле 839 лица, од болести на респираторниот систем 665 и од несреќи 361 лице.

## 4.2 Клучни факти поврзани со демографски и здравствени индикатори во Скопскиот регион

Според **процената на населението** (состојба 31.12.2013) на Државниот завод за статистика на РМ, во Скопскиот регион има 614 254 жители.

Населението од Скопскиот регион во однос на **старосната структура** во 2013 година ги има следните карактеристики: учество на младо население (0-14 години) со 18,2% и учество на старото население (65 и повеќе години) во вкупното население, од 12,9%.

Коефициентот на старосната зависност за Скопскиот регион за 2013 година изнесува 45,1%.

**График бр.2 Процена на население на Скопскиот регион од 2011-2013 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

Просечната возраст на населението во Скопскиот регион во 2013 година изнесува 38,0 години, додека просечната возраст на мајката при раѓање на првото дете е 27,7 години. Просечната возраст на умрените во Скопскиот регион изнесува 71,6 години за 2013 година.

Во 2013 година стапката на живородени во Скопскиот регион изнесува 13,2‰, стапката на умрени 8,6‰, додека вкупната стапка на фертилитет е 1,77 и стапката на смртност на доенчиња е 10,4‰.

Во Скопскиот регион во 2013 година има вкупно 5.259 умрени лица, од нив 2.832 се мажи и 2.427 се жени (8).

Во Скопскиот регион во 2013 година најзастапени **причини за смрт се**: болестите на циркулаторниот систем од кои починале 2.800 лица, неоплазмите со 1.165 умрени; од ендокрини, нутритивни и метаболични болести умреле 287 лица.

Демографските показатели на регионално ниво покажуваат значајни разлики кои укажуваат на диспропорции во територијалната дистрибуција на населението. Скопскиот регион, како најгусто населен, со 334,2 жители на м$^2$, има речиси десет пати поголема густина на населеност од најретко населениот, Вардарски регион, со 38,1 жител на м$^2$.

Разликите се гледаат и во бројот на родени и умрени лица. Во Вардарскиот, Источниот и Пелагонискиот регион, како резултат на неповолната старосна структура и нискиот фертилитет, бројот на умрени го надминува бројот на родени.

Табела бр.1 Стапки на наталитет, морталитет, природен прираст, склучени и разведени бракови, во Скопскиот регион во 2013 година.

| Година | Стапка на наталитет на 000 население | Стапка на морталитет на 000 население | Природен прираст | Склучени бракови на 000 население | Разведени бракови на 000 население |
|---|---|---|---|---|---|
| 2013 | 13,2 | 8,6 | 4,6 | 6,5 | 1,2 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМ*

Највисока стапка на наталитет за 2013 година има Скопскиот регион од 13,2/1000 жители, додека најниска стапка на наталитет има Источниот регион со стапка од 8,6/1000 жители.

## 4.3 Организациски и кадровски потенцијал на Скопскиот регион

Мрежата на здравствени установи прикажана во Извештајот е добиена по пат на истражувањето спроведено во почетокот на 2014 година преку Збирниот извештај за организациона структура и кадри, Образец 3-00-60, со состојба на 31.12.2013 година. Наша проценка е дека бројот на здравствени установи реално е поголем и дека сé уште опфатот на истражувањето не е целосен поради не исполнување на законските обврски за давање навремени и точни информаци на некои од здравствените установи на територијата на Регионот.

Мрежата во Скопскиот регион, во 2013 година, ја сочинуваат следните видови на здравствени установи: ординации по општа медицина, ординации по стоматологија, ординации по гинекологија и акушерство, специјалистичко–консултативни ординации, поликлиники од примарно и секундарно ниво, ургентен центар, општи болници, специјални болници, универзитетски клинички центар, универитетски клиники, клиничка болница, заводи, институт за медицина на труд,

институт за трансфузиологија, институт за јавно здравје, центар за јавно здравје и аптеки.

Во однос на сопственоста на капиталот, тие се поделени на: државни (јавни) установи, концесионерски (под закуп) установи и приватни здравствени установи.

Во текот на 2013 година во општина **Аеродром** здравствена заштита спроведувале следните здравствени установи: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 39 ординации по општа медицина, 3 ординации по гинекологија, 25 ординации по стоматологија, 13 специјалистичко-консултативни ординации, 4 аптеки и една приватна поликлиника.

Истата година во општина **Арачиново** функционирале: една подрачна служба на Здравствен дом – Скопје, 3 ординации по општа медицина и 1 ординација по општа стоматологија.

Во општина **Бутел** здравствена заштита спроведувале 9 ординации по општа медицина, 5 ординации по стоматологија и 4 аптеки.

Во општина **Центар** здравствени услуги биле обезбедувани преку: две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, една поликлиника на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј”, 34 ординации по општа медицина, 20 ординации по гинекологија, 42 стоматолошки ординации, 62 специјалистичко-консултативни ординации, 1 дијагностичка лабораторија, два стоматолошки клинички центри, 13 институти, 2 заводи, 1 институт за јавно здравје и 1 центар за јавно здравје, институт за трансфузиологија, 19 аптеки и 31 универзитетска клиника.

Во општина **Гази Баба,** здравствени услуги обезбедувале следните здравствени установи: две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, 30 ординации по општа медицина, 4 гинеколошки ординации, 21 стоматолошка ординација, 4 специјалистички ординации, една општа болница и 3 аптеки.

Во општина **Илинден** здравствена заштита спроведувале една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 7 ординации по општа медицина, 1 стоматолошка ординација и 3 аптеки.

Во општина **Шуто Оризари** работеле следните здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 6 ординации за општа медицина, 2 ординации по стоматологија, 2 аптеки и една приватна поликлиника.

Во општина **Ѓорче Петров** има: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 39 ординации по општа медицина, 4 ординации по гинекологија, 14 стоматолошки ординации, 2 специјалистички ординации, 2 специјални болници, еден завод и 3 аптеки.

Во општина **Карпош,** здравствената заштита се спровеувала преку: една работна единица на Здравсвен дом – Скопје, 35 ординации по општа медицина, 5 гинеколошки ординации, 23 ординации по стоматологија, 24 специјалистичко-консултативни ординации, една општа болница, две специјални болници, 1 клиничка болница, еден институт, 10 аптеки и две приватни поликлиники.

Во општина **Кисела Вода** здравствена заштита спроведувале следните здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 33 ординации по општа медицина, 4 ординации по гинекологија, 14 ординации по стоматологија, 7 специјалистички ординации, 9 аптеки и една дијагностичка лабораторија.

Во општина **Петровец** работеле: една подрачна служба на Здравствен дом – Скопје, 4 ординации по општа медицина, 1 специјална болница и една аптека.

Во општина **Сарај** имало – 10 ординации по општа медицина, 1 ординација по гинекологија, 3 ординации по стоматологија и 4 аптеки.

Во општина **Сопиште** работеле 5 ординации по општа медицина, 1 ординациија по гинекологија, 2 ординации по стоматологија и 3 аптеки.

Во општина **Студеничани** имало 6 ординации по општа медицина и 2 ординации по стоматологија.

Во општина **Зелениково** имало една ординација по општа медицина и една ординација по стоматологија.

Во општина **Чаир** здравствена заштита спроведувале: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 32 ординации по општа медицина, 7 ординации по гинекологија, 18 ординации по стоматологија, 9 специјалистичко-консултативни ординации, еден институт, 1 специјална болница и 6 аптеки.

Во општина **Чучер Сандево** имало 5 ординации по општа медицина и 1 ординација по стоматологија.

Кадровската обезбеденост  е прикажана во Табела бр. 7-12.

**Во амбулантно-поликлиничката здравствена заштита во** 2013 година, во Скопскиот регион, работеле вкупно 461 доктор по општа медицина, 18 доктори на специјализација и 182 доктори специјалисти, 9 медицински сестри со виша стручна спрема и 659 медицински сестри со средно стручно образование. Така е достигнат стандард од 1,44 медицински сестри на доктор по општа медицина (Табела бр.7-12).

**Во ординациите по општа медицина во** 2013 година во Скопскиот регион работеле вкупно 372 доктори од кои 300 биле доктори по општа медицина, 6 доктори на специјализација и 66 доктори специјалисти. Во тимовите за спроведување на здравствена заштита учествувале вкупно 357 стручни работници со средно образование, од кои 353 биле медицински сестри. Со ова е постигнат стандард од 1,2 медицински сестри на 1 доктор по општа медицина.

**Во одинациите по гинекологија и акушерство** во текот на 2013 година, во Скопскиот регион работеле 49 доктори специјалисти, 2 доктори на специјализација и 1 доктор по општа медицина. Во тимовите за спроведување на здравствена заштита на жените учествувале вкупно 41 лице со средно стручно образование, а од нив 21 биле медицински сестри, 18 акушерки и 2 се останати работници со средна стручна спрема. Постигнат е стандард од 0.8 работници со средна стручна спрема на 1 доктор специјалист.

**Во ординациите по општа стоматологија** во Скопскиот регион, во текот на 2013 година, работеле 232 доктори по општа стоматологија и 13 стоматолози специјалисти. Во спроведување на стоматолошката заштита во овие ординации учествувале и 161 лице со средна стручна наобразба, од кои 113 биле стоматолошки сестри, 46 забни техничари и 1 медицинска сестра. Достигнат е стандард од 0.7 лица со средна стручна подготовка на 1 стоматолог.

Во **специјалистичко-консултативната дејност** во текот на 2013 година, во Скопскиот регион, работеле вкупно 570 доктори специјалисти, 40 доктори на специјализација, 210 специјалисти стоматолози, 7 фармацевти и 162 здравствени соработника. Во оваа дејност биле вработени и лица со виша стручна подготовка и тоа 24 медицински сестри, 2 забни техничари, 17 рендген техничари, 5 физиотерапевти и 6 лабораториски техничари. Од здравствените работници со средна стручна подготовка во оваа дејност работеле 560 медицински сестри, 109 стоматолошки сестри, 66 забни техничари, 6 рендген техничари, 86 физиотерапевти, 41 санитарен техничар и 316 лабораториски техничари. Постигнат е стандард од 1.4 здравствени работници со средна и виша стручна подготовка на 1 здравствен работник со висока стручна спрема.

Во **болничката здравствена заштита** работеле: (1) 858 доктори специјалисти, 124 доктори на специјализација, 56 доктори по

општа медицина, 11 специјалисти-стоматолози, 18 фармацевти и 85 здравствени соработници со висока стручна спрема; (2) 38 медицински сестри со виша наобразба, 1 рендген техничар и 11 физиотерапевтски техничари; (3) 1579 медицински сестри, 1 забен техничар, 30 физиотерапевтски техничари, 14 фармацевтски техничари, 177акушерки и 14 лаборантски техничари. Постигнат е стандард од 1.7 здравствени работници со виша и средна стручна наобразба на 1 здравствен работник со висока стручна наобразба (доктор, стоматолог, фармацевт).

Здравствените работници и нивните соработници се прикажани во табеларен преглед во состав на Извештајот според видот на здравствената дејност. Прикажани се и постигнатите стандарди на обезбеденост со лекари и здравствени работници со виша и средна стручна подготовка на жител во Регионот. Податоците покажуваат дека во Скопскиот регион се достигнати следните нивоа на обезбеденост на населението со здравствени работници:

- 1 доктор на 422 жители во вонболничката здравствена заштита;
- 1 доктор на 594 жители во болничката здравствена заштита;
- 1 стоматолог на 1064 жители; и
- 1 фармацевт на 2514 жители.

## 4.4 Остварен обем на работа и утврдени заболувања во примарната здравствена заштита во Скопскиот регион

Примарното ниво на здравствена заштита спроведува дијагностицирање и третман на акутните и хроничните заболувања. Учествува во спроведување на програми за здравствена промоција и здравствена едукација, а исто така учествува и во извршување на други превентивни здравствени услуги. Видот и обемот на здравствените услуги што ги обезбедуваат матачните доктори во голема мера зависат од природата и видот на доминантните болести и причините за смрт

на населението. Голем дел од здравствените услуги имаат итна природа, а првиот контакт со пациентот во ваквите случаи се спроведува на примарно ниво.

Основните дејности во **примарната здравствена заштита** се: **педијатрија** (здравствена заштита на мали деца 0-6 години), **училишна медицина** (здравствена заштита на училишни деца и младинци), **општа медицина** (заштита на возрасно население постаро од 20 години), **медицина на трудот-матични лекари**, **гинекологија** и **стоматологија**. Овие дејности даваат услуги кои се фокусирани на различни популациони групи од населението од Скопскиот регион. Во постоечките служби во доменот на овие дејности во текот на 2013 година остварени се вкупно 3 272 690 посети кај доктор и дополнителни посети кај други медицински работници. Така просечниот број на посети по жител е 5,1. За споредба, просечниот број на посети кај лекар по жител во текот на 2012 година во Р. Македонија бил 6,1, додека во Европскиот регион истата година овој индикатор има вредност од 7,6 посети кај лекар по жител (9).

**Малите деца од 0-6 години** најмногу боледувале од респираторни болести, или 66.9% од вкупно утврдениот морбидитет се должи на овие заболувања. Специфичната стапка на морбидитет од респираторни болести за оваа возрасна група изнесува 2 386,9‰ за 2013 година што покажува дека секое дете на оваа возраст во просек 2.4 пати заболело од болест на респираторниот тракт во текот на годината (Табела бр.24). Слична е состојбата и во некои поголеми градови од соседните држави. Така во здравствената заштита на малите деца во Загреб во 2013 година на прво место биле регистрирани болестите на респираторниот систем и тие во вкупно утврдениот морбидитет учествувале со 37% (10). Специфичната стапка на морбидитет за болестите на респираторниот систем за децата од 0-6 години во Белград во 2013 година изнесувала 3393‰, и овие заболувања исто така биле водечка причина за посета на ординацијата на доктор во примарната здравствена заштита (11).

**Кај училишните деца и младината** на прво место се наоѓаат, исто така, болестите на респираторниот систем со учество од 52.3% во вкупно утврдениот морбидитет. Специфичната стапка на морбидитет изнесува 814,1‰, додека овој здравствен индикатор за школските деца и младината во Белград во 2013 година изнесува 1367‰. На второ место според зачестеноста се наоѓаат заболувањата на кожата и на поткожното ткиво со специфична стапка на морбидитет од 115,3‰, доколку не се земе предвид групата на регистрирани симптоми, знаци и недоволно дефинирани состојби, чија стапка за училишните деца и младината од Скопскиот регион изнесува 130,1‰ (Табела бр.25).

Во дејноста за **општа медицина** во текот на 2013 година, кај скопското население на најчесто се регистрирани болестите на циркулаторниот систем со учество од 24,3% во вкупно утврдениот морбидитет, што произведува стапка на морбидитет од 474,6‰. На второ место следуваат болестите на респираторниот систем со учество од 18,0% во вкупниот морбидитет и специфична стапка на морбидитет од 351,3‰. На трето место се наоѓаат болестите од групата на ендокрини, метаболички и нутритивни заболувања со учество од 8,9% во вкупниот морбидитет (Табела бр.22). Во здравствената заштита на возрасните во Загреб за 2013 година на прво место се болестите на респираторниот систем и тие во вкупно утврдениот морбидитет учествуваат со 19,7%, додека болестите на срцето и крвните садови се наоѓаат на трето место со учество од 10,2%, по болестите на мускулоскелетниот систем кои учествуваат со 10,9% во вкупно утврдените заболувања. Специфичната стапка на морбидитет за болестите на респираторниот систем за возрасните во Белград во 2013 година е 293‰, и е исто така прва водечка причина за посета во ординација кај докторот од примарната здравствена заштита.

Во дејноста за здравствена заштита на **жените над 15 години,** најчесто застапени заболувања се болестите на генито-уринарниот систем кои учествуваат со 70,3% во вкупниот утврден

морбидитет, или со стапка на специфичен морбидитет од 317,4/1000 жени. На второ место се состојбите утврдени во бременоста, породувањето и пуерпериумот со застапеност од 12,6% или со стапка на специфичен морбидитет од 56,9/1000 жени. На третото место се наоѓаат неоплазмите со учество од 8,6%, што одговара на специфична стапка на морбидитет од 38,9/1000 жени (Табела бр.26). За споредба, во здравствената заштита на жените во Загреб во 2013 година на прво место се болестите на генито-уринарниот систем, застапени со 48% во вкупниот утврден морбидитет. Специфичната стапка на морбидитет за болестите на уринарниот систем за жените во Белград во 2013 година изнесува 169‰, и е исто така прва водечка причина за посета во ординација кај гинекологот на примарно ниво. На второ место се наоѓаат туморите кои имаат специфична стапка на морбидитет од 16‰.

Во **стоматолошката здравствена заштита** најчесто заболување кое е причина за посета кај стоматолог во текот на 2013 година, е денталниот кариес со учество од 34,7% во вкупниот морбидитет или со стапка на морбидитет од 142,8/1000. На второто место се наоѓаат болестите на пулпата и периапикалните ткива кои учествуваат со 21,4%. На трето место следуваат акутниот и хроничен гингивит и периодонтозата со 8,2% (Табела бр.27). Во стоматолошката здравствена заштита во Загреб во 2013 година на прво место се наоѓа забниот кариес застапен со 47% во вкупниот утврден морбидитет. На второ место се наоѓаат болестите на пулпата и периапикалните ткива со учествуво од 22%. Специфичната стапка на морбидитет за забниот кариес во Белград во 2013 година изнесува 140‰, и е исто така прва водечка причина за посета во стоматолошка ординација.

## 4.5 Искористеност на капацитетите и утврдени заболувања во болничката здравствена заштита на Скопскиот регион

Анализата за искористеност и утврдени заболувања во болничката здравствена заштита се темели на здравствено-статистичка обработка на податоците од Индивидуалниот извештај за

стационарно лекувано лице (Образец бр. 3-21-61А) со кој се регистираат сите хоспитализации во државата. Во текот на 2013 година остварени се вкупно 118105 хоспитализации со вкупно 1311164 релизирани болнички денови. Од нив 53,8% се остварени од жители на Скопскиот регион, додека 42,7% од жители на Р.Македонија надвор од Скопскиот регион. Само 2,1 % од болните што се лекувале во болниците во Скопје се жители на други држави. За споредба, во болниците во градот Загреб, во текот на 2013 година, остварени се вкупно 314197 хоспитализации и реализирани се 2230153 болнички денови. Хоспитализациите остварени од жителите на градот Загреб чинат 47% од сите хоспитализации во болиниците на подрачјето на овој град.

Во текот на 2013 година, **просечното траење на лекување** во болничката здравствена заштита, вкупно, изнесува 8,19 денови и има тренд на лесно намалување во однос на 2012 и 2011 година. **Стапката на искористеност на капацитетите** во проценти изнесува 79,2%, додека бројот на лекувани болни на еден кревет годишно изнесува 26,05 (Табела бр.20). За споредба, во стационарните установи во градот Загреб, во 2013 година, просечното траење на лекување било 7,9 дена, бројот на лекувани пациенти по кревет годишно изнесува 36,5, а искористеноста на капацитетите е 78,9%. Во текот на 2013 година во болничката заштита во Белград искористеноста на капацитетите е 73,1%, просечното трење на лекување е 9,4 дена и остварени се 28 хоспитализации по кревет годишно.

**Просечното болничко лекување на болните од Скопскиот регион** со <u>*неопластични болести*</u> во 2013 година е 14,3. денови, односно 6,01 ден во текот на 2012 година (Табела бр.30). Најдолг престој во 2013 година се забележува кај душевните растројства и растројства во обноските, F00-F99 (Табела бр.30). Според бројот на остварени болнички денови во болниците во Загреб, исто така, душевните растројства и растројствата во обноските се наоѓаат на водечкото прво место, следат неоплазмите и на трето место се болестите на циркулаторниот систем. Овие три групи болести

опфаќаат половина од сите остварени болнички денови во 2013 година во болниците на подрачјето на Загреб.

Највисока зафатеност на постели во 2013 година има Психијатриската болница – Скопје, вкупно 413 постели (Табела 21).

Во **болничката здравствена заштита**, на прво место во вкупниот број на хоспитализирани лица, во текот на 2013 година, со 14,5%, се оние кои се лекувани поради **неоплазми**. Овие пациенти од Скопскиот регион оствариле вкупно 136556 болнички денови, што изнесува 17,4% од вкупно остварените болнички денови во севкупните болнички капацитети на Скопје. Споредбено, во болниците на подрачјето на Загреб, исто така како најчеста причина за хоспитализација се неоплазмите кои во вкупниот број на хоспитализации учествувале со 16,1%. На второ место следуваат болестите на циркулаторниот систем со 12,2% учество, додека на трето место се душевните пореметувања со учество од 9,6% во вкупниот број на хоспитализации во болниците на подрачјето на Загреб.

**Болестите на циркулаторниот систем** учествуваат со 12,7% во вкупните причини за прием во болница и се наоѓаат на третото место во вкупно утврдениот болнички морбидитет, после **болестите на респираторниот систем** кои учествуваат со индекс од 13,3% и се на второто место. Следуваат: болестите на генитоуринарниот систем, со 12,3% и болестите на дигестивниот систем со 9,0%. **Индексот на структура на болничкиот морбидитет** во 2013 година во однос на 2012 година, за најчестите болести како причина за хоспитално лекување, покажува зголемување за неоплазмите и намалување на пропорцијата на респираторните заболувања (Табела бр.31).

## 5. Заклучоци и предлог мерки

### 5.1 Заклучоци

1. Хроничните заболувања и ризик факторите кои влијаат на појавата и настанувањето на овие болести треба континуирано да се следат. Во овој контекст неопходно е континуирано следење на ризичното однесување кај населението. Населението во Скопскиот регион според демографските показатели, старее, поради што во наредниот период треба да очекуваме натамошен пораст на овие заболувања.

2. Распределбата на здравствените установи во примарната здравствена заштита, генерално е соодветна спрема потребите на населението, освен во дејноста за гинекологија и акушерство, во руралните општини, состојба која се повторува од изминатиот период.

3. Постои нерамномерна распределеност на специјалистичките ординации на секундарно ниво. Највисока концентарција на овие ординации има во центарлното градско подрачје, поточно во општините Центар и Карпош каде што се лоцирани преку 70% од сите специјалистички ординации.

4. Во однос на кадровската обезбеденост се забележува тенденција за зголемување на бројот на доктори на специјализација во болничката здравствена заштита.

5. Обемот на здравствените услуги во примарната здравствена заштита покажува дека се́ уште не е достигнат Европскиот стандард од 7 посети по жител годишно ( 2012 година).

6. Во болничката здравствена заштита се забележува тенденција на порационално користењето на капацитетите на болниците со намалување на просечното траење на

лекувањето и со зголемување на користењето на болничките постели.

7. Анализата на утврдениот морбидитет во примарната здравствена заштита во текот на 2013 година, кај населението од Скопскиот регион, покажува дека генерално доминираат болестите на репираторниот и циркулаторниот систем.

8. Во болничката здравствена заштита преовладуваат малигните болести и болестите на циркулаторниот систем. Високото рангирање на овие болести во морбидитетот и морталитетот на населението од Скопскиот регион, укажува на сериозноста на овој здравствен проблем, кој и понатаму ќе остане еден од водечките јавно-здравствени проблеми во Скопскиот регион.

## 5.2 Предлог мерки

- Развивање на национални програми и програми на локално ниво за сеопфатна грижа на старите лица;

- Превземање на мерки за натамошен рамномерен развој и одржување на здравствената мрежа и нејзината обезбеденост со соодветен кадар;

- Зголемување на обемот на услугите во примарната здравствена заштита и подобрување на содржините во врска со информираноста на населението во правец на превенција на зболувањата и унапредување на здравјето;

- Рационално користење на болничките капацитети и намалување на трошоците за болничкото лекување. Воведување на нови, современи методи и користење на постоечките протоколи за лекување;

- Континуирано и детално следење на ризик факторите и мултисекторки пристап во изготвувањето и имплементацијата на програми за нивно елиминирање;
- Континуирано спроведување и следење на програми во тек за скрининг на хроничните незаразни заболувања (рак на дојка, рак на грлото на матката, рак на дебелото црево и ректумот и рак на простата);
- Одредување на јавно-здравствените приоритети и нивно следење во врска со заболеноста на населението (болестите на циркулаторниот систем, малигните неоплазми, менталното здравје, оралното здравје).
- Спроведување на натамошна континуирана и поинтензивна соработка со здравствените установи воопшто во Регионот, а во врска со постојано подобрување на квалитетот на податоците кои тие редовно ги генерираат во рамките на постоечката легислатива;
- Подобрување на соработката со Државната здравствена и санитарна инспекција заради исполнување на обврските на здравствените установи во областа на редовното здравствено-статистичко известување што произлегува од релевантната законската регулатива;
- Поттикнување на поинтензивна соработка со општините од Регионот.

## 6. Литература

1. Закон за здравствена заштита, Сл. весник на РМ бр. 43/12

2. Закон за јавно здравје, Сл. весник на РМ бр.22/10

3. http://www.cph.mk, Историјат,пристапено на 18.08.2014:1

4. http://www.wiki.mk, Географски податоци, Скопски населби и маала, Територијална организација на Скопје, Население и демографија пристапено на 18.08.2014:3-6

5. Национална годишна програма за јавно здравје на РМ, Сл. весник на РМ бр. 19/14

6. Закон за евиденциите во областа на здравството, Сл. весник на РМ бр. 164/13

7. Regions of the Republic of Macedonia, 2014; ДЗС на РМ-Скопје, 2014:11-36

8. http://www.stat.gov.mk, МАКСтат База, Население во Р. Македонија на крајот на годината (состојба 31.12), по пол, по возраст,по региони, по години, пристапено на 02.09.2014:Табела на екран преглед 1

9. European health for all database (HFA-DB), updated April 2014, пристапено на 24.09.2014

10. Zdravstveno-statistički ljetopis grada Zagreba za 2013 Godinu, Nastavni zavod za javno zdravstvo "Dr. Andrija Stampar", Zagreb 2014:69-127

11. Статистички приказ здравствене делатности у Београду за 2013 годину, Градски завод за јавно здравље – Београд; Београд, 2014:51:252

## 7. Табеларен приказ

**Табела 1.Проекција на население според возрасна структура за Скопскиот регион за 2013 година**

| Возраст | Град | | | Село | | | Вкупно 2013 год | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| Вкупно | **262001** | **273367** | **535368** | **41490** | **39307** | **80797** | **303491** | **312674** | **616165** |
| ОД 0-4 | 15788 | 15028 | 30816 | 3465 | 3350 | 6815 | 19253 | 18378 | 37631 |
| ОД 5-9 | 16312 | 15385 | 31697 | 3309 | 3092 | 6401 | 19621 | 18477 | 38098 |
| ОД 10-14 | 17840 | 16942 | 34782 | 3097 | 2874 | 5971 | 20937 | 19816 | 40753 |
| ОД 15-19 | 18955 | 18407 | 37362 | 3350 | 3074 | 6424 | 22305 | 21481 | 43786 |
| ОД 20-24 | 20510 | 20260 | 40770 | 3305 | 3213 | 6518 | 23815 | 23473 | 47288 |
| ОД 25-29 | 20221 | 20368 | 40589 | 3049 | 3043 | 6092 | 23270 | 23411 | 46681 |
| ОД 30-34 | 19808 | 20188 | 39996 | 3229 | 2937 | 6166 | 23037 | 23125 | 46162 |
| ОД 35-39 | 19477 | 20192 | 39669 | 3371 | 2987 | 6358 | 22848 | 23179 | 46027 |
| ОД 40-44 | 18871 | 19735 | 38606 | 3098 | 2866 | 5964 | 21969 | 22601 | 44570 |
| ОД 45-49 | 19068 | 20472 | 39540 | 2758 | 2386 | 5144 | 21826 | 22858 | 44684 |
| ОД 50-54 | 18456 | 19774 | 38230 | 2157 | 1936 | 4093 | 20613 | 21710 | 42323 |
| ОД 55-59 | 15243 | 16278 | 31521 | 1936 | 1897 | 3833 | 17179 | 18175 | 35354 |
| ОД 60-64 | 13430 | 14673 | 28103 | 1724 | 1784 | 3508 | 15154 | 16457 | 31611 |
| ОД 65-69 | 10560 | 12432 | 22992 | 1411 | 1410 | 2821 | 11971 | 13842 | 25813 |
| ОД 70-74 | 7620 | 9975 | 17595 | 1055 | 1038 | 2093 | 8675 | 11013 | 19688 |
| ОД 75-79 | 5896 | 7603 | 13499 | 671 | 836 | 1507 | 6567 | 8439 | 15006 |
| ОД 80-84 | 2737 | 3818 | 6555 | 318 | 335 | 653 | 3055 | 4153 | 7208 |
| ОД 85 и + | 1145 | 1701 | 2846 | 176 | 226 | 402 | 1321 | 1927 | 3248 |
| Непозната возраст | 64 | 136 | 200 | 11 | 23 | 34 | 75 | 159 | 234 |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 2.Проекција на население според возрасни категории за Скопскиот регион за 2013 година**

| Возраст | Град | | | Село | | | Вкупно 2013 год | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| **Вкупно** | **262001** | **273367** | **535368** | **41490** | **39307** | **80797** | **303491** | **312674** | **616165** |
| < 1 | 3156 | 3005 | 6161 | 693 | 670 | 1363 | 3849 | 3675 | 7524 |
| 1 - 4 | 12632 | 12023 | 24655 | 2772 | 2680 | 5452 | 15404 | 14703 | 30107 |
| 5 - 6 | 6525 | 6153 | 12678 | 1324 | 1236 | 2560 | 7849 | 7389 | 15238 |
| **0 - 6** | 22313 | 21181 | 43494 | 4789 | 4586 | 9375 | 27102 | 25767 | 52869 |
| 7 - 9 | 9787 | 9232 | 19019 | 1985 | 1856 | 3841 | 11772 | 11088 | 22860 |
| 10 - 14 | 17840 | 16942 | 34782 | 3097 | 2874 | 5971 | 20937 | 19816 | 40753 |
| 15 - 19 | 18955 | 18407 | 37362 | 3350 | 3074 | 6424 | 22305 | 21481 | 43786 |
| **7 - 19** | 46582 | 44581 | 91163 | 8432 | 7804 | 16236 | 55014 | 52385 | 107399 |
| 20 - 24 | 20510 | 20260 | 40770 | 3305 | 3213 | 6518 | 23815 | 23473 | 47288 |
| 25 - 34 | 40029 | 40556 | 80585 | 6278 | 5980 | 12258 | 46307 | 46536 | 92843 |
| 35 - 64 | 104545 | 111124 | 215669 | 15044 | 13856 | 28900 | 119589 | 124980 | 244569 |
| 65 - 74 | 18180 | 22407 | 40587 | 2466 | 2448 | 4914 | 20646 | 24855 | 45501 |
| 75 + | 9778 | 13122 | 22900 | 1165 | 1397 | 2562 | 10943 | 14519 | 25462 |
| **20 +** | 193042 | 207469 | 400511 | 28258 | 26894 | 55152 | 221300 | 234363 | 455663 |
| **0 - 14** | 49940 | 47355 | 97295 | 9871 | 9316 | 19187 | 59811 | 56671 | 116482 |
| **15 - 24** | 39465 | 38667 | 78132 | 6655 | 6287 | 12942 | 46120 | 44954 | 91074 |
| **7 - 14** | 27627 | 26174 | 53801 | 5082 | 4730 | 9812 | 32709 | 30904 | 63613 |
| **20 - 27** | 32644 | 32482 | 65126 | 5134 | 5039 | 10173 | 37778 | 37521 | 75299 |
| **28 - 34** | 27895 | 28334 | 56229 | 4449 | 4154 | 8603 | 32344 | 32488 | 64832 |
| **35 - 49** | 57416 | 60399 | 117815 | 9227 | 8239 | 17466 | 66643 | 68638 | 135281 |
| **50 - 64** | 47129 | 50725 | 97854 | 5817 | 5617 | 11434 | 52946 | 56342 | 109288 |
| **15 - 49** | 136910 | 139622 | 276532 | 22160 | 20506 | 42666 | 159070 | 160128 | 319198 |
| **15 +** | 211997 | 225876 | 437873 | 31608 | 29968 | 61576 | 243605 | 255844 | 499449 |
| **25 - 49** | 97445 | 100955 | 198400 | 15505 | 14219 | 29724 | 112950 | 115174 | 228124 |
| **>65** | 27958 | 35529 | 63487 | 3631 | 3845 | 7476 | 31589 | 39374 | 70963 |
| **Непозната возраст** | **64** | 136 | 200 | 11 | 23 | 34 | 75 | 159 | 234 |

Извор:Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 3. Проекција на население според возрасна структура, вкупно на Скопскиот регион за 2013 година**

| | СКОПЈЕ | | |
|---|---|---|---|
| ОПИС | Мажи | Жени | Вкупно |
| **ВКУПНО** | **303491** | **312674** | **616165** |
| 0-4 | 19253 | 18378 | 37631 |
| 5-9 | 19621 | 18477 | 38098 |
| 10-14 | 20937 | 19816 | 40753 |
| 15-19 | 22305 | 21481 | 43786 |
| 20-24 | 23815 | 23473 | 47288 |
| 25-29 | 23270 | 23411 | 46681 |
| 30-34 | 23037 | 23125 | 46162 |
| 35-39 | 22848 | 23179 | 46027 |
| 40-44 | 21969 | 22601 | 44570 |
| 45-49 | 21826 | 22858 | 44684 |
| 50-54 | 20613 | 21710 | 42323 |
| 55-59 | 17179 | 18175 | 35354 |
| 60-64 | 15154 | 16457 | 31611 |
| 65-69 | 11971 | 13842 | 25813 |
| 70-74 | 8675 | 11013 | 19688 |
| 75-79 | 6567 | 8439 | 15006 |
| 80-84 | 3055 | 4153 | 7208 |
| 85+ | 1321 | 1927 | 3248 |
| Непознат | 75 | 159 | 234 |

**Табела 4. Проекција на население според возрасни групи, вкупно на Скопскиот регион за 2013 година**

| ОПИС | СКОПЈЕ | | |
|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно |
| | **303491** | **312674** | **616165** |
| < 1 | 3849 | 3675 | 7524 |
| 1 - 4 | 15404 | 14703 | 30107 |
| 5 - 6 | 7849 | 7389 | 15238 |
| **0 - 6** | **27102** | **25767** | **52869** |
| 7 - 9 | 11772 | 11088 | 22860 |
| 10 - 14 | 20937 | 19816 | 40753 |
| 15 - 19 | 22305 | 21481 | 43786 |
| **7 - 19** | **55014** | **52385** | **107399** |
| 20 - 24 | 23815 | 23473 | 47288 |
| 25 - 34 | 46307 | 46536 | 92843 |
| 35 - 64 | 119589 | 124980 | 244569 |
| 65 - 74 | 20646 | 24855 | 45501 |
| 75 + | 10943 | 14519 | 25462 |
| **20 +** | **221300** | **234363** | **455663** |
| 0 - 14 | 59811 | 56671 | 116482 |
| 15 - 24 | 46120 | 44954 | 91074 |
| 7 - 14 | 32709 | 30904 | 63613 |
| 20 - 27 | 37778 | 37521 | 75299 |
| 28 - 34 | 32344 | 32488 | 64832 |
| 35 - 49 | 66643 | 68638 | 135281 |
| 50 - 64 | 52946 | 56342 | 109288 |
| 15 - 49 | 159070 | 160128 | 319198 |
| 15 + | 243605 | 255844 | 499449 |
| 25 - 49 | 112950 | 115174 | 228124 |
| >65 | 31589 | 39374 | 70963 |
| Непознат | 75 | 159 | 234 |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 3.1.Проекција на население според возрасна структура за градски општини на Скопскиот регион за 2013 година**

| ОПИС | СКОПЈЕ | | | АЕРОДРОМ | | | БУТЕЛ | | | ГАЗИ БАБА | | | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | | | КАРПОШ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
